# II. Економски движења во Република Македонија

## 2.1. Бруто домашен производ

Во 1999 година македонската економија претрпе силен екстерен шок детерминиран од ескалацијата на кризата во СР Југославија. Тој се одрази како на страната на понудата така и на страната на побарувачката и предизвика ревидирање на првобитно проектираниот реален пораст на бруто домашниот производ за 1999 година. Така, наместо реален пораст во 1999 година од 6,5% се очекуваше пад на економската активност во Република Македонија за 4,0%. Притоа, неизвесноста околу почетокот, односно траењето на воените дејствија во СР Југославија беше главен лимитирачки фактор за степенот на точноста на ревидираната проекција за движењето на БДП во Република Македонија во 1999 година.

Наспроти песимистичките прогнози за контракција на економската активност, во 1999 година во Република Македонија е остварен реален пораст на БДП од 2,7%. Остварениот пораст не произлезе од интензивирањето на структурните реформи во реалната и финансиската сфера, туку е резултат на поголемата искористеност на постоечките капацитети и зголеменото производство во втората половина од 1999 година. Основни фактори кои придонесоа за реален пораст на БДП во 1999 година се: а) краткорочноста на дејството на негативните ефекти од војната во СР Југославија врз македонската економија; и б) респонзивноста на понудата на зголемената побарувачка од страна на нерезидентите кои претстојуваа во Република Македонија и на Косово. Со остварувањето на реален пораст на БДП од 2,7% во 1999 година, продолжен е тригодишниот тренд на остварување умерени позитивни стапки на пораст. Набљудувано во номинални големини, БДП во Република Македонија во 1999 година изнесуваше 195.284 милиони денари[3] или за 2,3% повеќе во однос на 1998 година. Остварениот номинален БДП е еквивалент на 3,4 милијарди САД долари[4], при што по глава на жител изнесува 1.801 САД долари. Порастот има исклучително значење, доколку се земат предвид крајно неповолните околности во кои е остварен и глобално зголемениот ризик во регионот.

Графикон 1

Бруто домашен производ

(стапки на реален пораст)




Структурно набљудувано, од аспект на понудата, освен кај индустријата и рударството каде што е регистриран пад од 2,5%, кај сите други дејности е реализиран пораст на новосоздадената вредност. Основни генератори на остварениот пораст на

[3] Проценети податоци од Заводот за статистика на Република Македонија.

[4] Користен просечен пазарен девизен курс на денарот во однос на УСД за 1999 година.

бруто домашниот производ во 1999 година се дејностите сообраќај и врски (13,7%) и градежништво (12,2%), поради интензивираните активности околу изградбата на патната мрежа во земјата, угостителството и туризмот (9,2%), како резултат на зголеменото присуство на нерезиденти во нашата земја и трговијата (6,7%). Според тоа, неповолните движења кај индустријата и рударството детерминирани од влошените услови за работење поради влијанието на екстерниот шок беа не само во целост компензирани со пораст кај терцијарните дејности, туку дојде и до зголемување на новосоздадената вредност.

Од аспект на финалната употреба на БДП, порастот во 1999 година е детерминиран од зголемениот нето извоз на стоки и услуги за 3,9%. Притоа, извозот на стоки и услуги го зголеми сопственото учество во структурата на БДП за 0,5 процентни поени достигнувајќи 44,0% од БДП. Од друга страна, учеството на увозот на стоки и услуги во структурата на БДП во 1999 година се намали за 3,4 процентни поени, сведувајќи се на 54,4%.

Табела 4

Употреба на реалниот бруто домашен производ

| | Индекси (претходна година = 100) | | | Структура во % | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1997 | 1998 | 1999 | 1997 | 1998 | 1999 |
| Бруто домашен производ | 101.4 | 102.9 | 102.7 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |
| Домашна потрошувачка | 103.0 | 103.2 | 98.9 | 113.3 | 114.4 | 110.4 |
| Финална потрошувачка | 102.0 | 103.6 | 100.5 | 90.9 | 91.4 | 89.4 |
| Индивидуална потрошувачка | 103.1 | 103.4 | 101.0 | 73.7 | 73.8 | 72.4 |
| Јавна потрошувачка | 97.6 | 104.1 | 98.6 | 17.2 | 17.6 | 17.0 |
| Бруто инвестиции | 107.5 | 101.9 | 92.5 | 22.4 | 23.0 | 21.0 |
| Инвестиции во основни средства | 95.7 | 101.5 | 101.2 | 17.4 | 17.8 | 17.9 |
| Пораст на залихи | 182.8 | 103.1 | 62.4 | 5.0 | 5.2 | 3.1 |
| Извоз на стоки и услуги | 129.3 | 118.9 | 101.5 | 36.9 | 43.5 | 44.0 |
| Увоз на стоки и услуги | 126.4 | 115.3 | 94.3 | 50.2 | 57.8 | 54.4 |

Домашната потрошувачка (која ги опфаќа финалната потрошувачка и бруто инвестициите) во 1999 година се намали за 1,1%, што првенствено се должи на нејзината значителна контракција во првата половина од годината, поради неизвесноста и ризикот кои беа присутни за време на кризата во регионот. Генератор на падот на домашната потрошувачка беа бруто инвестициите кои во 1999 година опаднаа за 7,5%, истовремено намалувајќи го своето учество во структурата на БДП од 23,0% во 1998 година на 21,0% во 1999 година. Тоа во целост се должи на падот на залихите во 1999 година (за 37,6%) во однос на претходната година. Притоа, како резултат на инвестирањето во патната мрежа (односно во градежништвото), инвестициите во основни средства се зголемија за 1,2%, но нивното учество во БДП се задржа на релативно ниско ниво од 17,9%.

Финалната потрошувачка во 1999 година беше за 0,5% поголема во споредба со претходната година, но и покрај тоа нејзиното учество во структурата на БДП опадна за 2,0 процентни поени. Од аспект на компонентите на финалната потрошувачка, во 1999 година индивидуалната потрошувачка оствари пораст од 1,0%, но го намали своето учество во БДП за 1,6 процентни поени. Истовремено, јавната потрошувачка се намали за 1,4%, што услови намалување на нејзиното учество во БДП за 0,6 процентни поени.

## 2.2. Домашно производство

За разлика од периодот 1996-1998 година, во 1999 година порастот на БДП во Република Македонија не беше детерминиран од зголемена производствена активност во индустрискиот сектор. Така, физичкиот обем на индустриското производство во 1999 година е понизок во однос на 1998 година за 2,6%. Падот на индустриското производство особено беше изразен во периодот јануари - мај 1999 година, кога во споредба со истиот период од 1998 година е регистриран пад од 12,5%. Тоа е последица на влијанието на следните фактори: а) ограничениот пристап на производите од црната металургија на одредени странски пазари врз основа на најавите за евентуално воведување на анти-дампинг мерки од страна на ЕУ и САД за извозот на тие производи; б) воведувањето на административни мерки од страна на СР Југославија во втората половина од 1998 година и во 1999 година со кои беше ограничен протокот на македонски производи кон и преку оваа земја; в) ескалацијата на кризата во регионот, која кулминираше со воените дејства на Косово. За Република Македонија тоа значеше губење на пазарот на вториот најзначаен трговски партнер, како и отежнат извоз на македонските производи во други земји поради затворање на транспортниот коридор преку СР Југославија. Обесхрабрени од неможноста за увоз на потребните суровини и репроматеријали, како и значително отежнатиот извоз на готови производи, домашните индустриски производители значително ја намалија својата производствена активност.

Графикон 2

Индустриско производство

(пораст во %)




По завршувањето на војната во СР Југославија се создадоа услови за ревитализирање на индустриското производство во Република Македонија. Така, во периодот јуни - декември 1999 година значително беше ублажен падот на индустриското производство. Тоа се должи на: а) намалувањето на политичкиот ризик и неизвесноста кај домашните производители; б) интензивирањето на извозната активност кон пазарите во СР Југославија по прекинот на воените дејства на Косово; в) обновениот пристап до транспортниот коридор низ СР Југославија; г) олеснетото снабдување на производителите со суровини и репроматеријали; д) олеснувањето на пристапот до странските пазари за одредени производи, што придонесе за реактивирање на производствените капацитети во црната металургија, со оглед на тоа што најавеното воведување на административни анти-дампинг мерки изостана.

Од структурен аспект, во 1999 година е остварен пад кај сите три компоненти на индустриското производство. Најизразено е намалувањето на производството на средства за работа (за 8,6%), додека производството на материјал за репродукција и

производството на стоки за широка потрошувачка опаднаа за 2,5%, односно за 2,0%, соодветно.

Падот на индустриското производство во 1999 година е сеопфатен, со оглед на тоа што во 23 од вкупно 32 анализирани индустриски гранки производството во 1999 година е помало во однос на 1998 година. На индустриските гранки во кои е редуцирано производството отпаѓаат 72,8% од вкупното индустриско производство. Од поважните индустриски гранки најголем пад од 21,0% е регистриран кај производството на базни хемиски производи, пред сé поради поврзаноста на оваа индустриска гранка со пазарот во СР Југославија како извор на суровини и пазар на производи. Значително отежнатиот извоз, особено во првите пет месеци, придонесе производството на пијалоци во 1999 година да биде за 16,2% помало во однос на соодветното од 1998 година. Позначаен пад е регистриран и кај производството на обоени метали и кај црната металургија, при што тој изнесуваше 15,1%, односно 10,6%, соодветно. Од друга страна, најзабележителен пораст во 1999 година во однос на 1998 година е остварен во гранките: производство на градежен материјал (25,1%), како резултат на зголемената извозна побарувачка во СР Југославија (првенствено од Косово) во процесот на обнова по завршувањето на војната; производство и преработка на тутун (24,1%), што се должи на отворањето на југословенскиот пазар по војната; и кај преработката на хемиски производи (10,7%).

Графикон 3

Динамика на движење на индустриското производство

(во %)




Динамички набљудувано, најизразени месечни флуктуации во движењето на индустриското производство беа остварени во месеците јануари (пад од 23,6%), март (пораст од 20,6%) и јуни (пораст од 15,9%). Падот на индустриското производство во јануари се должи на дејството на сезонски фактори, како и на неизвесноста околу разврската на кризната ситуација во регионот. Значително високиот месечен пораст на индустриското производство во март 1999 година е резултат на зголеменото производство и преработка на тутун поради временски поместениот откуп на тутунот, додека реализираниот јунски пораст се должи на завршувањето на војната на Косово, што значеше релаксирање на неизвесноста кај производителите и обновен пристап до југословенскиот пазар, односно до транспортниот коридор за извоз на македонски производи.

Во 1999 година, физичкиот обем на земјоделско производство во Република Македонија беше за 0,5% поголем од претходната година. Генератор на остварениот пораст е овоштарството, кај кое производството во 1999 година во однос на 1998 година е зголемено за 25,5%. Во 1999 година е остварен пораст на производството и во

сточарството (од 1,2%), додека во полјоделството и лозарството производството се намали за 0,6%, односно за 3,0%, соодветно.

Во услови на минимални флуктуации на пазарот на работна сила во индустрискиот сектор, движењето на продуктивноста на трудот во индустријата во 1999 година ја следеше динамиката на движење на индустриското производство. Така, дивергентните движења на индустриското производство во првата и втората половина од годината на истоветен начин се одразија и врз движењето на продуктивноста на трудот во индустријата. Имено, неповолните екстерни фактори во првата половина од 1999 година доведоа до значително намалување на продуктивноста на трудот во индустријата, при што во периодот јануари - мај 1999 година во однос на истиот период од претходната година, таа беше пониска за 8,4%. Позитивните движења по завршувањето на војната во СР Југославија го ублажија падот на продуктивноста на трудот во индустријата, но не го неутрализираа. Така, продуктивноста на трудот во индустријата во 1999 година во однос на минатата година во просек е намалена за 1,3%. Намалената продуктивност на трудот во индустријата заедно со порастот на платите предизвика реалните трошоци по единица труд во 1999 година во однос на 1998 година во просек да се зголемат за 4,4% што неповолно влијаеше врз конкурентноста на претпријатијата на домашниот и странскиот пазар.

Во 1999 година дојде до продлабочување на проблемот на глобална неликвидност на македонските претпријатија, што се манифестира преку високиот пораст на нивните достасани неизмирени обврски. Имено, на крајот од 1999 година во однос на крајот од 1998 година достасаните неизмирени обврски на претпријатијата се повисоки за 62,6% и достигнаа 30.542 милиони денари. Притоа, тие во текот на 1999 година бележеа континуирано зголемување, со просечен месечен пораст од 980 милиони денари, или за 4,1%.

Графикон 4

Достасани неизмирени обврски на претпријатијата

(во милиони денари)




Меѓутоа, треба да се има предвид структурата на претпријатијата кои имаат достасани неизмирени обврски. Така, вкупната динамика на достасаните неизмирени обврски на претпријатијата во 1999 година ја диктираа педесетина правни лица. Тоа се субјекти со поединечен износ на блокада над 100 милиони денари, кај кои се сконцентрирани 56,0% од вкупните неизмирени обврски. Кај оваа група на претпријатија, достасаните неизмирени обврски во 1999 година растеа со позабрзана динамика (просечно месечно за 5,9%), при што на декемвриска основа (декември 1999 / декември 1998 година) порастот изнесува 97,1%. Наспроти нив, достасаните

неизмирени обврски на претпријатијата со поединечен износ на блокада помал од 100 милиони денари во 1999 година се зголемуваа просечно месечно за 2,4%, или на декемвриска основа за 33,0%.

## 2.3. Движење на цените

И покрај крајно неповолните екстерни влијанија врз македонската економија, детерминирани од ескалацијата на кризата во СР Југославија, во 1999 година во Република Македонија беше зачувана воспоставената ценовна стабилност. Притоа, на декемвриска основа (декември 1999 година / декември 1998 година) е остварена стапка на инфлација, мерена преку движењето на цените на мало, од 2,3%. Во просек, во 1999 година во однос на 1998 година во Република Македонија е остварена дефлација, односно негативна годишна стапка на инфлација од 1,1%. Притоа, стапката на инфлација се карактеризира со дивергентни движења во текот на 1999 година, условени од различните услови за работење во првата половина во однос на втората половина од 1999 година.

Во првото полугодие од 1999 година, продолжија дефлаторните движења условени од: а) падот на цените на суровините на светските берзи кој ги намали цените на увозните инпути; б) изразената контракција на агрегатната потрошувачка (лична и инвестициона) во услови на зголемен ризик и неизвесност на населението и претпријатијата. При непроменето ниво на понуда, намалената побарувачка детерминираше пад на цените; в) зголемената понуда на домашниот пазар и падот на цените на земјоделските производи, (како една од главните детерминанти на движењето на цените на мало), условени од неможноста тие да се пласираат на традиционалните странски пазари.

По завршувањето на воените настани во СР Југославија, во втората половина од годината се создадоа поповолни услови за работење, што доведе до ублажување на дефлаторниот тренд во Република Македонија. Имено, во тој период како резултат на повторното отворање на пазарот во СР Југославија и на обновениот пристап до транспортниот коридор низ СР Југославија, се зголеми извозната побарувачка особено за земјоделски и прехранбени производи. Со тоа, дојде до намалување на понудата на домашниот пазар и следствено на тоа, зголемување на цените на произведените стоки и услуги. Кон тоа се надоврзува и порастот на цените на непрехранбените индустриски производи во втората половина од 1999 година, иницирран од поскапувањето на нафтените деривати, што се должи на зголемувањето на цената на суровата нафта на светскиот пазар.

Од динамички аспект, во пет месеци од годината е остварена дефлација додека во останатите седум месеци цените на мало реализираа позитивни стапки на пораст. Најизразени флуктуации на цените на мало се регистрирани во месеците април (пад од 2,2%), октомври (пораст од 2,6%) и декември (пораст од 1,5%). Флуктуациите во април и октомври се резултат на сезонски фактори кога вообичаено доаѓа до промена на тарифата за пресметување на цената на електричната енергија, додека порастот регистриран во декември се должи на поскапувањето на нафтените деривати поради порастот на цената на нафтата на светските берзи, како и поради сезонски зголемената побарувачка за стоки и услуги пред и за време на Новогодишните празници.

Графикон 5

Цени на мало

(промена во %)




Структурно набљудувано, во 1999 година во споредба со 1998 година пораст е остварен единствено кај цените на земјоделските производи (6,1%) и кај цените на услугите (0,3%). Кај сите останати групи на производи е регистрирано намалување на цените, при што најизразен е падот на цените на индустриско-прехранбените производи (4,0%) и на цените на пијалаците (3,1%).

Факторите кои го детерминираа движењето на цените на мало имаа пресудно влијание и врз динамиката на движење на трошоците на животот. Така, трошоците на животот во 1999 година, во однос на 1998 година, во просек се пониски за 0,7%, додека на декемвриска основа тие остварија пораст од 2,4%. Притоа, најголеми месечни промени на трошоците на животот се регистрирани во месеците април и октомври, што се должи на вообичаениот сезонски фактор - промена на тарифата за пресметување на цената на електричната енергија.

Графикон 6

Цени на производители на индустриски производи и трошоци на животот

(промена во %, на годишно ниво)




Цените на производителите на индустриски производи во 1999 година останаа речиси непроменети во однос на 1998 година. Меѓутоа, тоа не ја одразува во целост

динамиката на движење, присутна во текот на годината. Така, во првата половина од 1999 година цените на производителите на индустриски производи остварија негативна стапка на пораст од -2,0%. Тоа, пред сé, се должи на комбинацијата на неповолни екстерни фактори кои придонесоа за зголемување на понудата на производи на домашниот пазар. Наспроти тоа, во второто полугодие од годината се создадоа предуслови кои овозможија повторно заживување на надворешно-трговската размена. Тоа доведе до зголемена извозна побарувачка, која делуваше во правец на неутрализирање на негативната стапка на пораст на цените на производителите на индустриски производи, сведувајќи ја истата на нивото од 1998 година. Од поодделните гранки, во 1999 година, во однос на 1998 година, во просек најмногу се зголемија цените на производителите на пијалаци (за 4,0%), цените на производителите и преработувачите на тутун (за 3,6%) и цените на производителите на градежен материјал (за 2,5%). Всушност, производителите во овие гранки, на значително зголемената побарувачка за нивни производи реагираа со пораст на цените. Годишната стапка на пораст на цените на производителите на индустриски производи (декември 1999 година / декември 1998 година) изнесува 4,2%. Ваквиот меѓугодишен пораст е иницииран од поскапувањето на нафтените деривати кое на двапати се случи во втората половина од 1999 година.

Од структурен аспект, во 1999 година, кај компонентите на цените на производителите на индустриски производи се регистрирани дивергентни движења. Имено, цените на производителите на средства за работа се за 1,7% повисоки отколку во 1998 година, цените на производителите на стоки за широка потрошувачка остварија пад од 0,5%, додека цените на производителите на материјал за репродукција останаа неизменети.

## 2.4. Пазар на работна сила

Тенденцијата на намалување на невработеноста, започната во 1998 година, продолжи и во 1999 година. Според Анкетата за работна сила[5], стапката на невработеност, пресметана како учество на бројот на невработени во вкупната работна сила[6], во 1999 година во однос на 1998 година се намали за 2,1 процентни поени и изнесуваше 32,4%. И покрај позитивните движења на пазарот на работна сила, стапката на невработеност во Република Македонија и во 1999 година се задржа на многу високо ниво. Високата невработеност останува најголем проблем со кој се соочува македонската економија. Структурниот карактер на овој проблем, укажува на неговата долгорочност и на потребата од негово решавање паралелно со успешното преструктуирање на македонската економија.

[5] Анкетата е спроведена во периодот од 26 април до 6 мај 1999 година од страна на Заводот за статистика на Република Македонија. Таа се базира врз примерок од 7.200 домаќинства и е во согласност со принципите на Меѓународната организација на трудот (ILO).
[6] Вкупната работна сила ги вклучува вработените и невработените лица на возраст од 15 до 80 години.

Графикон 7

Стапка на невработеност

(во %)




Согласно податоците од Анкетата, бројот на невработени лица во 1999 година изнесуваше 261.452, што е за 22.612 лица, или за 8,0% помалку во однос на минатата година. Според возраста, највисока стапка на невработеност од 62,9% е регистрирана кај населението на возраст од 15 до 24 години, иако таа е пониска за 8,0 процентни поени во однос на 1998 година. Од аспект на половата структура, и покрај значајниот пад од 4,3 процентни поени, стапката на невработеност кај женското население од 33,3% и понатаму е повисока од соодветната кај машкото население, која изнесува 31,9%.

Бројот на вработените во 1999 година забележа минимален пораст од 5.460 лица, или за 1,0% во однос на 1998 година, и изнесуваше 545.222 лица. И покрај тоа, стапката на вработеност пресметана како учество на бројот на вработените во вкупното население над 15 години се задржа на минатогодишното ниво и изнесуваше 35,9%. Тоа укажува на фактот дека намалувањето на невработеноста не беше следена со соодветно зголемување на вработеноста, туку во најголем дел резултираше со пораст (за 4,7%) на неактивното население.

Структурно набљудувано, порастот на вработеноста во 1999 година е резултат на зголемувањето на бројот на вработени лица во стопанството, додека во вонстопанството вработеноста се задржа на нивото од 1998 година. Имено, според Анкетата за работна сила во стопанските дејности на крајот од 1999 година беа вработени вкупно 440.341 лица, или за 1,2% повеќе во однос на минатата година. Најголем дел од нив беа вработени во индустријата и рударството (151.063 лица, или 27,7% од вкупниот број на вработени лица) и во земјоделството и рибарството (111.701 лице, или 20,5% од вкупниот број на вработени лица). На крајот на 1999 година во вонстопанството беа вработени 103.948 лица.

## 2.5. Инвестиции

Во 1999 година, во основни средства се инвестирани вкупно 34.949 милиони денари, што споредено со претходната година претставува номинално зголемување за 2,8%, односно реален пораст од 1,2%. Интензивирањето на инвестиционата активност е релативно скромно, што се должи на зголемената неизвесност за економските субјекти во периодот на воените дејствија во СР Југославија. Сепак, и покрај

песимистичките очекувања, инвестициите во основни средства во 1999 година остварија пораст, кој се должи на зголемената инвестициона побарувачка регистрирана главно во периодот по завршувањето на војната во СР Југославија.

Зголемувањето на инвестиционата активност резултираше со минимален пораст на учеството на инвестициите во основни средства во БДП од 17,8% во 1998 година на 17,9% во 1999 година. И покрај тоа, нивото на инвестиции во основни средства е сеуште на ниско ниво и недоволно за генерирање на подинамичен економски развој. Ниското ниво на домашно штедење и високата цена на домашните банкарски кредити, засилени со ефектот на зголемен политички ризик во текот на војната во соседството, се главните фактори кои го детерминираа недоволниот обем на инвестициона активност во 1999 година. Во иста насока влијаеше и редуцираниот прилив на странски капитал во вид на странски директни инвестиции.

Графикон 8

Структурно учество на инвестициите во основни средства во бруто домашниот производ

(во проценти)




За разлика од 1998 година, кога значаен дел од инвестиционата активност се финансираше со странски директни инвестиции[7], во 1999 година е регистрирана нивна контракција. Имено, во 1999 година странските директни инвестиции изнесуваа 24 милиони САД долари, што споредено со претходната година, претставува висок пад од 94 милиони САД долари, или за 79,7%. Високиот пад на странските директни инвестиции во 1999 година се должи на зголемениот политички ризик, детерминиран од ескалацијата на кризата во регионот. Контракцијата на странските директни инвестиции услови нивното учество во бруто домашниот производ од 3,2% во 1998 година да се сведе на 0,7% во 1999 година.

## 2.6. Фискална политика[8]

Фискалната политика претставува интегрална компонента на макроекономската рамка, чија успешна имплементација е од големо значење за реализација на проектираните макроекономски цели во Република Македонија. Во 1999 година носителите на фискалната политика во Република Македонија се соочија со мошне неповолните ефекти од екстерниот шок, изразени преку високото

[7] Странските директни инвестиции претставуваат вложувања на физички и правни лица од странство во наши претпријатија со постоење на долгорочен интерес, каде што странскиот инвеститор поседува најмалку 10% од вкупната вредност на домашното претпријатие.

[8] Извор на податоци: Министерство за финансии.

ексцесивно оптоварување врз државниот буџет. Имено, огромниот број на бегалци, во одредени моменти над 10% од македонското население, кои во текот на војната од СР Југославија преминаа во Република Македонија, ја наметна потребата од финансирање на нивниот привремен престој со буџетски средства. Сепак, и покрај неповолните екстерни влијанија не дојде до позначајни пореметувања и централната државна власт успеа да ја одржи урамнотеженоста на буџетот.

### *2.6.1. Јавни приходи*

Вкупните јавни приходи во Република Македонија во 1999 година изнесуваа 87.903 милиони денари, што е за 1.946 милиони денари, односно за 2,3% повеќе од реализираните јавни расходи. Во 1999 година, планираниот прилив на буџетски средства на централната државна власт во Република Македонија, согласно извршениот ребаланс на Републичкиот буџет во декември 1999 година, изнесуваше 50.300 милиони денари. Во текот на годината се наплатени 50.477 милиони денари, или за 0,3% повеќе во споредба со планираното.

Изворните приходи (даночни и неданочни приходи), и во 1999 година опфаќаа најголем дел од приходите во буџетот (88,6%), и достигнаа 44.727 милиони денари, што е за 3,2% повеќе во однос на планираното. Структурно набљудувано, 93,6% од вкупните изворни приходи произлегуваат од даночните приходи. Во 1999 година тие изнесуваа 41.851 милиони денари, и го надминаа планираното ниво за 3,1%. Притоа, со исклучок на приходите од данок на добивка, кај сите останати категории буџетските приходи се повисоки од планираните. Од друга страна, во 1999 година неданочните приходи изнесуваа 2.877 милиони денари, што е за 4,8% повисок износ во однос на проектираниот.

Од аспект на поважните даночни приходи, во 1999 година најзначајно учество од 21,1% во вкупните буџетски приходи имаат акцизите (помало за 2,9 процентни поени во однос на 1998 година). Приходите од персонален данок и данок на промет во структурата на вкупните буџетски приходи учествуваа со 20,3%, односно со 19,7%, соодветно. Од останатите поважни даночни приходи, приходите од царина учествуваа со 16,4%, додека учеството на приходите од данок на добивка изнесуваше 5,1%.

Огромниот број бегалци од СР Југославија, како последица на воените дејствија во оваа соседна земја, претставуваа значајно оптоварување за буџетот во 1999 година. Дополнителни средства во буџетот за покривање на трошоците предизвикани од кризата во регионот и големиот прилив на бегалци беа обезбедени преку задолжување од странство и врз основа на трансфери и донации. Имено, овие две ставки сочинуваа 11,3% од вкупните буџетски приходи, достигнувајќи вкупен износ од 5.718 милиони денари. Притоа, во 1999 година врз основа на задолжување во странство се обезбедени средства во износ од 3.331 милиони денари, што е за 26,6% помал износ во однос на планираниот. Вкупните трансфери и донации во 1999 година изнесуваа 2.387 милиони денари и беа реализирани во втората половина од годината.

Вкупните приходи на социјалните фондови во 1999 година достигнаа износ од 37.426 милиони денари. Притоа, најголемиот дел произлегува од приходите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои во 1999 година изнесуваа 21.229 милиони денари[9]. Набљудувано од структурен аспект, придонесите од плати со учество од 67,4% се доминантен извор за финансирање на овој фонд. Според големината на остварените приходи во 1999 година следува Фондот за здравство, чии приходи

[9] За декември е земен проектираниот износ.

износуваа 12.068 милиони денари. Најголемиот дел од наплатените приходи на овој фонд произлегува од придонесите за здравствено осигурување (61,0%). Во 1999 година приходите на Фондот за вработување износуваа 4.129 милиони денари, од кои 3.066 милиони денари се однесуваат на дотации од Републичкиот буџет, а 1.058 милиони денари на приходи од придонеси.

## *2.6.2. Јавни расходи*

Во 1999 година, во Република Македонија од буџетот на централната државна власт и од буџетите на социјалните фондови во вид на јавни расходи беа потрошени средства во вкупен износ од 85.957 милиони денари. Вкупните буџетски расходи на централната државна власт во 1999 година износуваа 48.461 милиони денари, со што во целост беа покриени од остварените приходи. Тоа е од посебно значење имајќи ги предвид притисоците врз буџетот предизвикани од војната во СР Југославија. Во 1999 година, како и во претходните години, се задржа неповолната структура на буџетските расходи, во која доминираат тековните расходи. Во 1999 година тие износуваа 42.074 милиони денари, односно 86,8% од вкупните буџетски расходи. Повеќе од половината од нив (21.536 милиони денари) се однесуваат на расходите направени за набавка на стоки и услуги. Од нив, 74,3% отпаѓаат на расходи за плати и наемнини. Притоа, во 1999 година во споредба со 1998 година, е регистрирано структурно поместување на компонентите на вкупните буџетски расходи, во насока на намалување на учеството на расходите за плати и наемнини (за 4,4 процентни поени) првенствено за сметка на зголемување на учеството на трансферите (за 3,1 процентни поени). Со тоа, регистрираните структурни поместувања во 1999 година не резултираа во квалитативно подобрување на структурата на вкупните буџетски расходи.

Друга позначајна ставка во структурата на тековните расходи се трансферите, кои во 1999 година достигнаа износ од 18.385 милиони денари, односно учество од 37,9% во вкупните буџетски расходи. Релативно повисокото учество на овие расходи во структурата на вкупните буџетски расходи се должи на зголемените расходи наменети за згрижување на бегалците од Косово, по ескалацијата на кризата во регионот. Имено, за оваа намена, во 1999 година од буџетот на Република Македонија се потрошени средства во висина од 2.956 милиони денари, или 16,1% од вкупните трансфери. Истовремено, за социјални програми се потрошени 7.606 милиони денари, со што овие трошоци и понатаму зафаќаат најголем дел (41,4%) од вкупните трансфери. Врз основа на платени камати во 1999 година се потрошени 2.153 милиони денари, кои во целост се однесуваат на отплата на камати по странски кредити.

Графикон 9

Структурно учество на компонентите на вкупните буџетски расходи

1998 година




1999 година



Издвојувањата од буџетот на централната државна власт за капитални трошоци и нето позајмувања во 1999 година изнесуваа 2.957 милиони денари, и во вкупните буџетски расходи учествуваа со 6,1%. Нивното ниво е сеуште ниско и недоволно за да влијае во правец на позначајна акцелерација на економскиот растеж. Притоа, најголемо учество во структурата на вкупните капитални трошоци имаат средствата инвестирани во железничкиот сообраќај (55,2%).

Од другите ставки, во 1999 година врз основа на отплата на главнина на надворешен долг, се исплатени 2.323 милиони денари, додека резервите на буџетот изнесуваа 107 милиони денари. Истовремено, од страна на буџетот на Република Македонија во фондот на Народна банка на Република Македонија за поддршка на монетарната политика се депонирани средства во износ од 1.000 милиони денари. Притоа, почнувајќи од јуни 1999 година обврската на државата за депонирање на средства кај Централната банка беше заменета со можност за повлекување средства од тој депозит, согласно приливот на средства од кредити и донации.

Вкупните расходи на социјалните фондови во Република Македонија во 1999 година изнесуваа 36.496 милиони денари. Во структурата на расходите на социјалните фондови најзначајно место зазема Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. За потребите на овој фонд, во 1999 година се потрошени 20.669 милиони денари[10], од кои најголемиот дел (85,9%) се исплатени за пензии. Фондот за здравство во 1999 година потроши средства во износ од 11.692 милиони денари. Истовремено, расходите на Фодот за вработување изнесуваа 4.135 милиони денари. Најзначаен дел од нив се однесува на обезбедување паричен надоместок (1.755 милиони денари), односно на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување (1.347 милиони денари) на невработени лица.

## 2.7. Политика на плати

Како и во 1998 година, така и во 1999 година продолжи успешната координација на политиката на плати со фискалната и монетарната политика, што играше важна улога во одржувањето на ценовната стабилност. Имено, продолжи примената на законот со кој се ограничува порастот на платите кај сите правни лица кои не се целосно приватизирани. Со тоа, од една страна се влијаеше ограничувачки врз личната потрошувачка, а од друга страна се оневозможи појава на трошочна инфлација и позначајно влошување на конкурентската способност на домашните претпријатија.

Номиналната просечно исплатена нето плата во 1999 година продолжи да се зголемува, но со помал интензитет отколку во 1998 година. Во 1999 година таа достигна 9.664 денари, што во однос на претходната година претставува пораст за 2,9%. Притоа, поинтензивен пораст од 3,6% бележеа платите во стопанството, во споредба со порастот од 1,4% регистриран во вонстопанството. Со тоа, продолжи позитивниот тренд на намалување на дискрепанцата меѓу платите во стопанството и вонстопанството.

Во реални големини, просечната исплатена нето плата по работник во 1999 година се зголеми за 3,6% во однос на претходната година. Тоа првенствено се должи на порастот на платите кај стопанските дејности за 4,3%, додека кај вонстопанските дејности порастот изнесува 2,1%.

[10] За декември е земен проектираниот износ.

Графикон 10

Номинална просечна исплатена нето плата по работник

(во денари)




На декемвриска основа (декември 1999 / декември 1998 година), стапката на пораст на номиналната просечна нето плата по работник изнесува 3,5%, што е над просечната стапка на пораст за цела 1999 година. Притоа, платите во стопанството забележаа поизразен пораст (за 4,5%), во однос на вонстопанството (пораст за 1,3%). Релативно високата годишна стапка на инфлација, регистрирана во декември 1999 година, детерминираше помала стапка на пораст на реалната нето плата во однос на номиналната. Имено, реалната нето плата во декември 1999 година во однос на истиот месец од 1998 година е зголемена за 1,1%. Тоа се должи на порастот на реалните плати во стопанството за 2,1%, додека платите во вонстопанството се намалија за 1,1%.